# МАЈЧИН ЈАЗИК

Македонскиот јазик е наше сонце сјајно,
со значење поголемо од небото ширно
дури и поголемо од езерото мирно.

Тој е нашиот бисер вреден
без него си како туѓинец беден,
создаден од нашите предци бил
мајчиниот јазик секому му е мил.

Нашиот јазик постои од дамнешно време
никому нема да му дозволме да ни го земе,
наша света должност е да се грижиме бидејќи ни е еден
за нашиот јазик единствен и вреден.

Дали ти го чуваш јазикот твој,
знаеш ли колку е значаен тој?
Ајде за него да пишуваме ние
и во убава песна сиот да се свие.

Викторија Велковска IXa